ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА
НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА
NDËRMARRIJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE
TË KAFSHËVE ENDACAKE LLAJKA

Бр.-Nr. 02-1485/1
04.07 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 19 став (2) точка 1 од Статутот на ЈП Лајка - Скопје Бр. 02-310/4 од 11.02.2021 година, а согласно член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89 од 11.04.2022 година) Управниот одбор на ЈП Лајка Скопје на својата седница, одржана на ден 30.06.2022 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА
## за измена на Статутот на ЈП Лајка -Скопје

### Член 1

Во Статутот на ЈП Лајка – Скопје Бр. 02-310/4 од 11.02.2021 година, членот 23 се менува и гласи:

„Член 23

Орган на управување на Претпријатието е Управен одбор.

Управниот одбор на Претпријатието се состои од седум членови.

Членовите на управниот одбор на Претпријатието ги именува, односно разрешува Советот на Град Скопје.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат."

### Член 2

По Членот 25, се додава нов член 25-а кој гласи:

„Член 25-а

Претседателот на Управниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на Управниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на град Скопје, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Управниот одбор на Претпријатието.

Претседателот и членовите на Управниот одбор на Претпријатието имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на Управниот одбор.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во Претпријатието исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на Управниот одбор на Претпријатието со одлука го утврдува Советот на Град Скопје."

Член 3

Членот 36 се менува и гласи:

„Член 36

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на Претпријатието се формира Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење (во натамошен текст: Надзорен одбор) составен од три члена.

Членовите на Надзорниот одбор од став 1 на овој член ги именува односно разрешува Советот на Град Скопје."

Член 4

Во член 37 ставот 2 се менува и гласи:

„Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор изнесува четири години, со право на уште еден последователен мадат."

Член 5

Под членот 37 се додава нов член 37-а кој гласи:

Член 37-а

Претседателот на Надзорниот одбор на Претпријатието или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на Надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на град Скопје, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Надзорниот одбор на Претпријатието.

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Претпријатието за секоја седница на Надзорниот одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во Претпријатието исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот од ставот 2 на овој член со одлука го утврдува Советот на Град Скопје."

Член 6

Останатите одредби од Статутот Бр. 02-310/4 од 11.02.2021 година остануваат непроменети.

Член 7

Оваа Одлука да се достави до Советот на Град Скопје за давање согласност.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од Советот на Град Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89 од 11.04.2022 година) се извршија измени во законот во делот на постапката за избор на членови на Управните и Надзорните одбори на јавните претпријатија, бројот на членовите и критериумите кои истите треба да ги исполнат.

Во членот 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија се предвиде обврска за јавните претпријатија да ги усогласат статутите согласно со овој закон, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на законот.

Постапувајќи по законската обврска Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,
Милка Докузова

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ СКОПЈЕ ЛАЈКА LLAJKA SHKUP NDERMARRIJA PUBLIKE PER MIREQENIE TE KAFSHEVE ENDACAKE